Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА
Institucioni Nacional TEATRI I KOMEDISË
Бр.-Nr. 04 - 269/2
20.04. 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година viti

Република Северна Македонија
Национална установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional TEATRI I KOMEDISË Shkup
Republic of North Macedonia
National Institution THEATER COMEDY Skopje

ТЕАТАР КОМЕДИЈА

Врз основа на член 3, член 5 ставови (1) и (2), член 6 и член 20-г ставови (1) и (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20, 302/20 и 208/24), член 77-а ставови (1) и (2), член 77-б, член 77-в став (2), член 77-г и член 77-д од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 и 132/25), а во согласност со одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое се објавува јавниот оглас во Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје бр. 03-381/1 од 02.06.2025 година, Правилникот за систематизација на работни места во Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје бр. 01-240/1 од 07.04.2026 година, Одлуката за објавување јавен оглас за вработување бр. 04-269/1 од 20.04.2026 година и Согласноста од Министерството за финанисии на Република Северна Македонија за обезбедени финансиски средства бр. 01-240/3 од 20.04.2026 година, Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје, на 21.04.2026 година објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БР. 2/2026

**I. Националната установа Театар „Комедија“ – Скопје има потреба од вработување на 1 (едно) лице за следното работно место со реден број:**
1. **Актер – четврта група** 1 (еден) извршител, со шифра на работно место КУЛ 03 04 А06 001, категорија А – уметници, ниво А6, на неопределено време, со полно работно време 40 (четириесет) часа во работната недела, согласно утврдениот распоред за проби и реализација на претстави што се објавува на огласната табла на театарот.
Месечната нето плата без минат труд ќе изнесува 53.927,00 денари.

**II. Кандидатите за работното места со звање Актер – четврта група треба да ги испонуваат следните општи услови:**

- Да се полнолетни;
- Да имаат општа здравствена способност за работното место; и
- Со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана за завршење професија, дејност или должност.

**Покрај општите услови за пополнување на работното место Актер – четврта група, кандидатите треба да ги испонуваат и следните посебни услови:**
- Ниво на образование 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен или завршено средно образование; Вид на образование: Високо: Драмски уметности (отсек актер); Средно: Уметничко (средно балетско односно средно музичко училиште);
- Работно искуство: До една година работно искуство.

**III. Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава со приложување на докази за исполнување на условите за работното место.**
Пријавата за јавниот оглас може да се подигне од архивата на Националната установа Театар „Комедија" – Скопје, или да се преземе од интернет страната https://teatarkomedija.mk/.
Пријавата кандидатите се должни да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. Со пријавата треба да се доставaт потребните документи за исполнување на општите и посебните услови.

**Пријава за вработување особено содржи:**
-Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска пошта на кандидатот, контакт телефон);
- Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделено;
- Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделено.
Кандидатите кон пријавата треба да приложат и:
- Кратко мотивациско писмо;
- Кратка биографија;
- Уверение за државјанство;
- Диплома/Уверение за завршено соодветно образование;
- Доказ за работно искуство;
- Доказ дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 (шест) месеци);
- доказ за општа здравствена состојба на кандидатот (не постара од 6 (шест) месеци);
- Други документи наведени во точка III од овој Оглас.
Сите документи треба да бидат доставени во оригинал, или преписи заверени на нотар.

**Јавниот оглас трае 15 (петнаесет) дена од денот на објавување во дневните весници. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.**

Изборот на кандидат ќе се изврши во рокот утврден со Законот за културата.

За работното место од реден број 1 од овој оглас, ќе се спроведе административна селекција и аудиција на пријавените кандидати од страна на надлежна комисија формирана за спроведување на постапка за вработување. Постапката за селекција за вработувањето на пријавените кандидати се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и докази доставени на јавниот оглас.
Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојноста на докази имат право да продолжат на аудиција и ќе бидат контактирани за местото, времето, начиот и датумот на одржување на аудицијата.

Република Северна Македонија
Национална установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional TEATRI I KOMEDISË Shkup
Republic of North Macedonia
National Institution THEATER COMEDY Skopje

ТЕАТАР КОМЕДИЈА

Пријавите со потребните документи во хартиена форма да се достават до архивата на Национална установа Театар „Комедија“ – Скопје секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот, или по пошта на адреса:Национална установа Театар „Комедија“ – Скопје, Бул. „Св. Климент охридски“ бр. 27 1000 Скопје.

Ненавремените, нецелосните, неуредно пополнети пријави нема да бидат разгледувани.

**Директор на**
**НУ Театар „Комедија“ – Скопје**

**Дарко Спасов**

Република Северна Македонија Национална установа ТЕАТАР КОМЕДИЈА – Institucioni Nacional TEATRI I KOMEDISË Republika e Maqedonisë së Veriut – Skopje - Shkup